Бр. 59/2021

До УЕФА земјите членки

До претседателот и Генералниот секретар

**2021/22 УЕФА Шампионската лига за жени**

**Шема за солидарна исплата со цел подршка и развој на женските клубови**

Почитувани Господине/ Госпоѓо

Во согласнсност со УЕФА циркуларот бр 27/2021 и 54/2021, доследно спроведуваме повеќе информации за солидарната исплата наменета за УЕФА Женската шампион лига со цел подршка и развој на женските клубови.

Шемата за солидарна исплата е главна компонента на новиот финансиски модел на УЕФА Шампионската лига за жени, чии средства инвестирани или генерирани имаат за цел да овозможат развој на сите европски женски клубови од прва лига. Од целосната пресметана сума од 24 милиони евра за сезона 2021/2022, 23% (5.6 милиони евра) се алоцирани кон солидарната шема за развој на женските клубови, за да може да се стимулира развојот и подигување на стандардот на сите клубови и националните асоцијации низ цела Европа.

**Ве молиме со внимателност запазете ги следниве информации:**

**1.Критериум за распределба на средства**

Според Шемата за солидарна исплата, секоја асоцијација која се пријавила(учествувала) со најмалку еден клуб во сезона 2021/22 УЕФА шампионската лига за жени ќе добие одредени средства кои ќе треба да бидат подеднакво дистрибуирани на клубовите кои се натпреваруваат во првата женска фудбалска лига а кои не се натпреварувале во УЕФА шампионската лига за жени сезона 2021/22. Апликативна домашна(национална) сезона е истат сезона од која се генерираат солидарните плаќања односно за лигите кои се одвиваат од лето кон пролет односно 2021/22 сезона или за лигите кои се одвиваат лето/есен 2021 сезона.

Солидарниот дел кој треба да го добијат клубовите кои нема да учествуваат е директно поврзан со спортските резултати кои ќе ги постигнат клубовите учесници од сопствената земја. Колку поголеми достигнувања има еден клуб на УЕФА шампионската лига за жени толку поголема ќе биде солидарната исплата која ќе се распределува по клубовите кои се дел од првата лига на сопствената земја а нема да учествуваат во женскиот шампионат. Доколку една национална асоцијација се натпреварува со повеќе од еден клуб, клубот кој ќе има најдобар пласман ќе се земе како референца за пресметка на солидарната исплата. За клубовите кои нема да учествуваат, потенцијалот за исплата е пресметан помеѓу 10.000(илјади) евра( клубови од првата лига од земји кои ќе се пласираат како четврти во рунда 1) и 40.000(илјади) евра( клубови од првата лига кои ќе бидат победници).

Бидете свесни дека овие суми служат како референца за потенцијална испалта на клубови и не се финални,исто така и не се гаранција за испалта на горе наведената сума. Точната сума ќе биде одредена по завршетокот на сезоната во зависност од целосната бројка на клубови кои нема да учествуваат на шампионатот во однос на земјите кои ќе бидат елиминирани во различни фази од натпреварувањата. Ако постои возможност УЕФА ќе обезбеди почетна пресметана сума од клуб од домашната прва лига до мај 2022.

**2. Цел на исплатите**

Солидарните исплати се предвидени за развој на клубовите во согласност со одредени критериуми, и не треба да се користат за секојдневни и фиксни трошоци на клубовите. Клубовите кои има женски и машки оддел, средствата се исклучиво наменети за женскиот оддел.

Солидарните исплати мора да бидат искористени од страна на клубовите со цел подобрување и остварување на критериумите кои се потребни да се подобри играта, инфраструктурата, како и подобрување на администратините и стаф услови според критериумите посочени во УЕФА регулативите за лиценцирање и финансиска фер игра, едиција 2018, анех XIII: Критериуми за лиценцирање на клубови за УЕФА шампионската лига за жени. Сумарум за предвидената цел на исплатата е прикачен,и посочуваме дека кон овој сумарум ќе бидат вклучени и промените во регулативите за лиценцирање на клубовите кое ќе стапи на сила во 2022.

Клубовите сносат одговорност како ќе ги искористат предвидените средства во горе посочената рамка, во зависност од портебите на клубот. Клубовите кои веќе ги исполнуваат наведените критериуми, мора да ги искористат средствата за подобрување во истите области.

**3. Процес на апликација**

Одговорноста за пополнување на апликациите за солидарните исплати ја превземаат националните асоцијации.

Како прв чекор пополнете ја прикачената апликацијата за УЕФА шампионската лига за жени сезона 2021/22- шема за солидарна исплата и испратете ја до 30 септември 2021 на УЕФА Националната асоцијација(Diana.Linero@uefa.ch) со цел овозможување детални информации за главните национални асоцијации,контакти за клубовите кои нема да учествуваат на шампионатот како и потребните информации за домашното женско првенство.

За исплата на средствата, од националните асоцијации ќе биде побарано да пополнат on line апликација и да прикажат детално како ќе се искористат средствата од солидарната исплата од страна на секој клуб во согласност со посочените критериуми на УЕФА шампионската лига за жени до крајот на септември 2022. Овој тип на информации националната асоцијација треба да ги обезбеди од клубовите кои нема да учествуваат на шампионатот.

Дополнителни информации за целиот процес ќе бидат соопштени на време со вашиот назначен контакт за оваа проблематика.

За да се оствари исплатата имајте во предвид дека УЕФА ќе направи детална евалуација на апликациите и сите информации и критериуми мора да бидат достапни и исполнети.

**4. Начин на исплаќање**

Имајќи во предвид дека резултатите на клубовите кои учествуваат во УЕФА женската шампионска лига се потребен услов кој го определува вкупниот износ на солидарниот фонд за секоја асоцијација, плаќањата ќе се вршат имајќи ги во предвид заклучоците(резултатите) од спортската сезона пратејќи го воедно и финансискиот аудит процес на УЕФА. Солидарните исплати од 2021/2022 сезоната на  УЕФА шампионската лига ќе започнат  од октомври 2022.

Секоја национала асоцијација мора веднаш да  направи трансфер на целиот износ до клубовите на кои се однесува без притоа да задржи дел од средствата за други намени

Понатаму при дистрибуција на средствата на  своите клубови, националната асоцијација треба соодветно да стави на знаење кој е изворот на средствата. Се препорачува во дописот кој се проследува до клубовите во врска со исплатата да стои:

*Оваа исплата е направена согласно солидарната шема на УЕФА женската шампионска лига сезона 2021/2022. Целта на исплатата е да им се помогне на клубовите да ги зголемат стандардите согласно со критериумите за лиценцирање на УЕФА женската шампионска лига ида ги подготви клубовите за идно учество во ова натпреварување. Шемата овозможува рамка клубовите да можат да ги подржат нивните поединечни потреби за развој и е во согласност со  стратешките цели на УЕФА и националните асоцијации за професионален женски фудбал. Од тие причини оваа исплата исклучиво треба да се користи наменски т.е онака како што клубовите ќе ја известат националната асоцијација во согласност со солидарната шема за исплата.*

Треба  да се истакне дека солидарните исплати на клубовите кои произлегуваат од УЕФА женската шампионска лига се засебни  и не преставуваат замена на било какви срдстава кои клубовите ги добиваат од националната асоцијација.

**5. Извештаи**

Националните асоцијации мора да имаат извештаи во кои ќе се води статистика кои клубови добиле финансиска поддршка.  Во извештаите мора да биде вклучен и износот на средствата кои биле распределени и секоја друга информација која е од важност  и е поврзана со овој циркулар. Имајте во предвид дека после првата сезона, од националните асоцијации ќе биде побарано да приложат доказ до  администрацијата на УЕФА, во кој ќе се гледа дека парите биле префрлени на клубовите, а клубовит ги употребиле на оној начин како  што посочиле во on line апликацијата.

Исто така имајте во предвид дека  по потреба може јавно(јавни документи, именувајќи ги клубовите кои се здобиле со бенефит преку УЕФА механизмите за помош) да споделиме приказна за успех чии резултати се постигнати со вој модел на солидарен механизам, користејќи ги информациите кои вие ќе ни ги пратите.

Доколку имате какви и да било прашања поврзани со оваа тематика, ве молиме исконтактирајте не, УЕФА национален оддел (Diana.Linero@uefa.ch).

Однапред ви благодариме за вашата помош во оваа иницијатива која е од исклучива важност и бенефит за  женскиот фудбал во европа, на начин што ќе ги подигне стандардот и професионализмот во самите клубови.

## Шема на солидарна исплата

### Листа на критериуми

*Клубовите мора средствата кои ќе им бидат доделени да ги искористат за да ги продобрат или остварат еден од следните критериуми*

| | | |
|---|---|---|
| **Спорт** | Младински тимови | • Младински тимови на возрасна граница од 12 до 17 години, кои се натпревруваат во официјални натпревари. |
| | Медицинска грижа за играчи | • Годишен медицински преглед за сениорски тимови во согласност со УЕФА медицинските стандарди.<br>• Годишен медицински преглед на играчи над 12 години. |
| **Инфраструктура** | Објекти за тренинг- нивна достапност | • Објектите за тренинг треба да бидат достапни низ целата годинаа и за сите тимови. |
| | Инфраструктура на стадиони | • Подобрување на инфраструктурата на стадионите со цел да се постигне минималниот стандард како што е посочено во регулативите за инфраструктура на стадионите. |
| **Лични и административни критериуми** | Клубска администарција | • Професионални и обучени кадри кои треба да се бават со дневните обврски на клубовите. |
| | Администартивен менаџер | • Назначен менаџер кој ќе се бави со активностите поврзани со женскиот фудбал |
| | Медицинско лице(доктор) | • Назначување на најмалку еден кфалификуван доктор кој ќе биде присутен за време на тренинзи и натпревари. |
| | Физиотерапевт | • Назначен најмалку еден кфалификуван физиотерапевт кој ќе биде одговорен за медицински третмани и масажи на сениорските тимови за време на натпревари и тренинзи. |
| | Главен тренер за сениорскиот тим | • Назначување на шеф на стучен штаб со УЕФА А лиценца |
| | Тренер за малди категории | • Назначување на најмалку еден квалификуван тренер за млади категории. |